***Подготовка и обработка на податоци:*** *Миша Поповиќ, Даниела Стојанова*
***Дата:*** *Март 2013*
***ISBN:*** *978-608-4681-07-6*
***PDF:*** graganite-za-lokalnite-izbori-2013.pdf




Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Институтот за демократија
(ИДСЦС), во рамки на
**проектот „**
**Мојот избор**
“
започнаа низа заеднички актив-ности за Локалните избори 2013, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиуми, на изборна администрација и на денот на гласање.

На јавноста веќе и беше презентирано истражувањето „ Профилот на мојот градоначалник “. Денес ви го презентираме воведното истражување на јавното мислење за очекуваната излезност на денот на изборите, проценката за освојување на советнички места, како и рејтинзите на партиите на национално ниво и довербата во политичарите.

Во однос на веројатноста за излегување на гласање за локалните избори на 24 март, **69, 2% од граѓаните се сигурни во тоа**
. Ова е повеќе од претходните три изборни циклуси (63,5 % во 2011 г., 54,6 % во 2009 г. и 49,8 % во 2005 година).

Со оглед на тоа што анкетата е правена на национално ниво (анкетите по општини ќе следат во наредните денови), направена е проценка за соодносот на вкупно освоени гласови за советнички места. На прашањето **за која советничка листа ќе гласаат, 25,7 % се определиле за ВМРО-ДПМНЕ, 13,7 % за СДСМ, а следат ДУИ (9,7 %), ДПА (5,0 %) и НДП (1,6 %)** . Сите други (се појавуваат вкупно 13 субјекти) се со помалку од 1 %. Сепак, треба да се има предвид дека на минатите избори другите (вкл. независните) советнички листи освоиле речиси третина (31,8 %) од гласовите и со тоа – советнички места.

Оваа воведна анкета е искористена и за проверка на рејтингот на политичките партии во случај на парламентарни избори. И тука соодносот е сличен, **ВМРО-ДПМНЕ (26,6 %), СДСМ (14,9 %), ДУИ (9,9 %), ДПА (5,6 %) и НДП (1,5 %)**
.

Исто така, испитаниците беа прашани во кој политичар имаат најмногу доверба. Тука, **ли дерите на петте парламентарни партии ја предводат листата на доверба**
, со убедлива предност на Никола Груевски (28,7 %), пред Бранко Црвенковски (7,7 %), Али Ахмети (7,5 %), Мендух Тачи (4,3 %) и Руфи Османи (1,5 %). На вака поставеното споредбено прашање (определување за еден политичар) уште Теута Арифи е со доверба над 1 %. Од друга страна, најмногу граѓани (28,9 %) се определиле за одговорот „Ниту еден“.

Истражувањето е направено преку телефонска анкета на 8 и 9 март 2013 година, на репрезентативен примерок од 1.095 испитаници со +/- 3 % грешка.